Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

- Сектор за буџети и фондови -

**Архивски број: 08-5637/2**
**Датум:** 07-08-2020

**До: Влада на Република Северна Македонија**

**Предмет: Известување**
**Врска: Допис од општина Кочани бр. 08-1529/1 од 27.07.2020 година**

Почитувани,

Во врска со Информацијата за негативните влијанија на планираната мала хидроелектрична централа на Мала Река и потребата од запирање на нејзината изведба, доставена од општина Кочани, Министерството за финансии известува за следното:

Општина Кочани известува дека е планирана изградба на мала хидроелектрична централа на Мала Река, која е притока на хидроакумулацијата Градче, од која се наводнуваат земјоделските површини во општина Кочани. Општината посочува дека со изградба на малата ходроелектрана би можело да се влоши хидролошката сосотојба, да се загрози земјоделството, како и тоа дека пределот на Мала Река, кој претставува огромен потенцијал за развој на екотуризмот, би можело да се уништи.

Во врска со текстот на Информацијата за негативните влијанија на планираната мала хидроелектрична централа на Мала Река и потребата од запирање на нејзината изведба ве известуваме дека предметната материја не е во надлежност на Министерството за финансии, при што потребно е да се земе во предвид мислењето на надлежното Министерство за животна средина и просторно планирање. Во однос на предлог заклучоците сметаме дека во заклучокот бр. 2 потребно е да се избрише Министерството за финансии, имајќи предвид дека проценка за компензација што треба да се исплати на концесионерот исто така не е во надлежност на Министерството за финансии.

Со почит,

**Министер за финансии**
**д-р Нина Ангеловска**

Изработил:Александра Петкановска Трпеска
Проверил: Тања Трипунова
Одобрил: Јулијана Петановска


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 536
www.finance.gov.mk